

Единаесет припадници на АРМ кои биле на служба во Бригадата на Југоисточна Европа - СЕЕБРИГ денеска добија „Медал за постигнување“.

Медалите се доделуваат на лица кои успешно работат повеќе од една година како припадници на основниот штаб на СЕЕБРИГ, а ги врачи командантот на Бригадата на Југоисточна Европа, бригадниот генерал Зибер Душку. На свеченоста во Домот на Армијата на Република Македонија присуствуваа и министерот за одбрана Зоран Коњановски и началникот на ГШ на АРМ генерал-потполковник Мирослав Стојановски.

За министерот Коњановски доделување на медалите значи поттик за понатамошна соработка и успех за досега направеното во однос на регионалната соработка заедно со другите земји членки од регионот со кои АРМ учествува во процесот СЕДАМ.

Началникот на ГШ на АРМ Стојановски истакна дека тоа не е признание само за индивидуалните достигнувања, туку е признание за сите припадници на армијата, додадвајќи дека бригадата ја исполни целта за мир и стабилност во регионот.



